Врз основа на член 17 и 18 од Изјавата за основање на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје (пречистен текст) заведена под бр. 40-4024/5 од 20.04.2021 година, управителот на Друштвото Александар Петровски на ден 27.10.2021 година донесе:

# Политика на приватност

Оваа политика на приватност дава општи информации за начинот на кој Друштвото ги собира, одржува и управува со личните податоци, секогаш кога се посетува нашата интернет страна www.scboristrajkovski и/или се користи некоја од административните услуги кои ги дава Друштвото. Друштвото ги собира само оние лични податоци кои се неопходни за обезбедување на административните услуги и/или да ги оствариме активностите за заштита на правата на корисниците на содржините на комплексот на Спортскиот Центар БОРИС ТРАЈКОВСКИ во Скопје со кој стопанисува Друштвото а согласно закон.

## Контролор на збирки на лични податоци

Контролор на личните податоци е **Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ** Скопје (во понатамошниот текст: **Друштвото**), со седиште на булевар 8 Септември бр.13, 1000 Скопје, Република Северна Македонија.
Активностите на обработка поврзани со on-line услугите достапни преку интернет страната на **Друштвото**, се извршуваат од страна на техничкиот персонал на **Друштвото** одговорен за овие услуги или лицата задолжени за извршување на предметните активности. Активностите за обработка поврзани со административни услугите се извршуваат од страна на вработените во Друштвото, врз основа на нивните службени должности и принципот ,,треба да знае" ("need to know").
**Друштвото** како Контролор е посветен на почитување на приватноста на поединците. Сите лични податоци собрани од страна на **Друштвото** по било кој основ, се обработени во согласност со одредбите и принципите од Законот за заштита на лични податоци.

## Чии податоци можеме да ги собираме?

Можеме да собираме податоци поврзани со следниве категории на лица:

- *посетители на нашите интернет страни* – Вообичаено собираме навигациски податоци (види подолу). Доколку преку нашите интернет услуги мораме да собереме и податоци кои го откриваат идентитетот на лицето (на пример при поднесување на барања), тоа јасно ќе го појасниме, а ќе појасниме и кои се нашите намери со нив;
- *баратели и други поединци во врска со поднесување на барања, иницијативи или прашања* – Кога ќе добиеме барање и/или иницијатива, прашање за било која област од наша надлежност, составуваме предмет кој ги содржи деталите за барањето. Ова вообичаено содржи информации за идентитетот на подносителот на барањето и сите други поединци вклучени во барањето (подолу видете ги категориите на лични податоци кои се обработуваат

од страна на Друштвото). Овие лични податоци се потребни за обработка на барањето/иницијативата и за остварување на нашите овластувања наведени во Законот за заштита на личните податоци (овластување за истражување, корективни овластувања, овластувања за изрекување на санкции, овластувања за авторизација и советодавни овластувања). Личните податоци содржани во барањата се чуваат согласно политиката на задржување и чување. Ова значи дека податоците поврзани со некое барање/ иницијатива ќе бидат чувани за период определен во Листата на документарен материјал со рокови на чување на Друштвото за тековната година. Се чуваат во безбедна околина, пристапот до нив е ограничен врз основа на принципот ,,треба да знае" ("need to know"). Секој пристап до предметот се означува со логови. Предметите за барањата кои се сметаат за неосновани, ќе бидат чувани за период определен во Листата на документарен материјал со рокови на чување на Друштвото за тековната година. Ова не е спротивно на можностите за подолго чување поради чекање на судски одлуки поврзани со барањето.

- *лица кои ги користат услугите на* Друштвото, *на пример, оние кои се претплатиле на нашите услуги или учествувале во нашите анкети – Лицата кои се претплатиле за да ги користат нашите услуги, можат да ја откажат својата претплата во било кое време, на едноставен начин.*
- *Лица кои бараат пристап до информации од јавен карактер врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер* – Како би можеле да се обработат барањата за пристап до информации од подносителите се бара да достават одредени податоци, врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Обемот на личните податоци содржани во барањето за пристап е во согласност со образецот на барањето утврден од страна на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Категории на податоци кои се обработуваат**

1. Податоци за навигација

При посетата на нашата интернет страна, серверот, за секој посетител креира логови со следниве податоци:

- Вашата интернет протокол (IP) адреса;
- Уредот од кој пристапувате, вид и модел;
- Вашиот оперативен систем;
- Видот на пребарувачот, plugins и верзија;
- Страните кои ги посетувате на нашата веб-страна и времето кое го минувате на секоја страна;
- URL на страната која ве префрлила на нашата веб-страна и во некои случаи, термините кои сте ги користеле во обидот да ја најдете страната на АЗЛП;
- Јазикот на пребарувачот кој го користите;
- Држава (се одредува преку IP адресата).

Серверските логови автоматски се бришат во рок од 15 дена, освен доколку околностите налагаат подолго задржување, на пример, за да се истражи вирус или злонамерен напад.

Самостојно ги одржуваме серверите и сите активности на веб страната ги спроведуваме интерно, вклучувајќи ги логовите кои се креираат и анализирањето на податоците кои се пренесуваат од посетите на нашата веб- страна.

2. Податоци кои корисниците доброволно ги доставуваат

Единствените лични податоци кои ги прибираме од Вашата посета на нашата веб- страна, се оние кои Вие доброволно ги доставувате за конкретни цели, како би ни овозможиле да ги оствариме нашите овластувања и надлежности (вклучувајќи податоци потребни за усогласување со законските и регулаторни барања), како што се поставување на прашања и/или мислења за различни прашања од областа на услугите кои ги нуди СЦБТ, како и обезбедување на повратни информации.

Може да собереме некој од следниве видови на лични податоци: име и презиме, поштенска адреса, контакт телефон, факс, email и потпис.

Не споделуваме податоци за Вас и/или за Вашата посета на нашата веб страна, на трети лица, освен кога станува збор за пријавување на злонамерен напад или во други случаи предвидени со закон.

Вашите лични податоци ги собираме директно од Вас. Во времето на собирање, ќе бидете информирани за специфичните цели за кои Вашите лични податоци се собираат. Личните податоци ги собираме преку различни канали, вклучувајќи:

- преку Вашето користење на нашата веб страна, вклучувајќи ги овде и формите за аплицирање;
- преку нашиот email: info@scboristrajkovski.gov.mk
- преку пошта и
- усмено.

За усните барања, се подготвува записник кој се потпишува од страна на лицето кое го поднело усното барање и од страна на лицето вработено во **Друштвото**, кое го составило записникот. Записникот треба да биде заведен во архивата на **Друштвото**.

3. Време на чување на собраните податоци

Податоците кои ги собираме се чуваат во согласност со применливите интерни процедури на **Друштвото** за периодот потребен за постигнување на целта на обработката, односно за да ги обезбедиме соодветните административни услуги побарани од корисниците.

**Што се случува доколку не можеме да ги собереме Вашите лични податоци?**

Доколку не ги добиеме сите податоци кои ни се потребни за Вас, можеби нема да бидеме во можност да Ви ги обезбедиме бараните административни услуги и/или информации.

**Кои се Вашите права?**

Вашите права на увид во збирките на лични податоци, дополнување, измена и бришење на личните податоци, спречување на користење на личните податоци, можете да ги остварите со поднесување на барање за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци до Агенцијата за заштита на личните податоци, на следнава адреса: Бул. Гоце Делчев бр.18 (14 кат), 1000, Скопје.

За дополнителни информации и/или остварување на Вашите права за заштита на лични податоци, можете да го контактирате нашиот офицер за заштита на лични податоци на следниот email:

roberta.teova@scboristrajkovski.gov.mk или неговиот заменик на следниот email: monika.mitrovska@scboristrajkovski.gov.mk .

**Согласност за собирање на лични податоци**
Со запознавањето со оваа политика и последователното упатување на нашите интернет услуги, корисниците даваат согласност за начинот на обезбедување на услугите на Друштвото, преку формите за комуникација достапни на нашата веб страна.

## Политика за користење на колачиња (cookies)

**Што се колачињата (cookies)?**
Колачињата (cookies) се мали текстуални датотеки, кои се сместуваат во Вашиот компјутер или мобилен телефон од страна на веб страниците кои ги посетувате. Овие текстуални датотеки можат да бидат прочитани од страна на веб страниците кои ги посетувате и да помогнат во Вашата идентификација кога повторно ќе ја отворите веб страницата. Овие текстуални датотеки можат да бидат „постојани“ или „привремени“. Постојаните колачиња (cookies) остануваат на Вашиот компјутер и кога ќе го исклучите пребарувачот (ќе преминете во офлајн состојба), додека привремените се бришат штом го затворите интернет пребарувачот. Колачињата (cookies) се користат за повеќе цели, како на пример за да се запомнат Вашите активности и преференции (вклучувања, јазични преференции, големина на фонт или како да ви се прикажува страницата), за да се обезбеди персонализирана/приспособена содржина на веб страницата и да се прикаже навигациската историја на истата.

**Зошто користиме колачиња (cookies)?**
На оваа веб страница користиме колачиња (cookies) од следниве причини:

- За техничко функционирање на веб страницата;
- За собирање на збирни и анонимни статистички податоци;
- За да ги запомниме Вашите преференции како да се прикажува страницата (преференции за параметрите на екранот), како на пример контрастот на бојата или големината на фонтот и
- За да запомниме/да се потсетиме, дали се согласувате (или не) со нашето користење на колачиња (cookies) на оваа веб страница.

Кога ја посетувате нашата веб страница, можеме да собереме некои податоци од Вашето пребарување, како на пример IP адресата, која содржина од веб страницата на Друштвото сте ја посетиле, кога сте ја посетиле и од која веб страница сте биле пренасочени.

**Каков вид на колачиња (cookies) користиме?**
Користиме постојани колачиња (cookies), кои го памтат пребарувањето/сесијата кога корисникот ќе го исклучи пребарувачот, со цел да се задржи состојбата на корисникот.

**Можете ли да ги избришете или контролирате колачињата (cookies)?**
Информациите поврзани со колачињата (cookies), не се користат за Ваше лично идентификување. Прифаќањето на овие колачиња (cookies) не е неопходно за работа на веб страницата, но истите би Ви овозможиле подобро искуство во пребарувањето. Доколку сакате овие колачиња (cookies) можете да ги избришете или блокирате, но ако го сторите тоа некои карактеристики на оваа веб страна можеби нема да работат правилно.

Можете да ги избришете сите колачиња (cookies) кои веќе се наоѓаат на Вашиот компјутер и можете да ги подесите поголемиот дел од пребарувачите за нивно спречување. Доколку го сторите ова, можеби ќе има потреба рачно да ги прилагодувате преференциите секој пат кога посетувате веб страна, а исто така можно е да не работат и некои услуги и функционалности.

Скопје, 27.10.2021 година

БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје
управител
Александар Петровски